Врз основа на член 6 и член 9 од Законот за државна ревизија (Сл.весник на РМ бр. 65/97, 70/2001, 31/2003, 19/2004 и 70/2006) и член 23 став 1 алинеја 3 од Правилникот за организација и работа на Државниот завод за ревизија, Главниот државен ревизор донесува,

# ГОДИШНА ПРОГРАМА

## за измени и дополнувања на Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2007 година (втора измена)

1.Во Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2007 година број 0102-915/1 од 25.12.2006 година и измените и дополнувањата на Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2007 година од 02.04.2007 година донесена од Главниот државен ревизор на Државниот завод за ревизија, се врши дополнување и тоа:

- Во Списокот на планирани ревизии на успешност за 2007 година (Прилог 3),
  - под шифра 16, се додаваат Проекти финансирани од ЕУ/КАРДС во областа правда и внатрешни работи, и тоа:

**Ревизија на успешност**

| Шифра | Ред.бр. во Програмата | Ред.бр во класата | О П И С | Општина | Број на извешта и/ сметки |
|---|---|---|---|---|---|
| 16 | 4 | 1 | Министерство за правда на РМ -"TA TO Training Institute for the Judiciary" | Скопје | |
| 16 | 5 | 2 | Министерство за внатрешни работи на РМ- "Provision of vehicles for border police" | Скопје | |
| 16 | 6 | 3 | Министерство за финансии на РМ (Дирекција за спречување на перење на пари) и Министерство за здравство на РМ - "Development of operational capacity to combat money laundering and drugs" | Скопје | |
| 16 | 7 | 4 | Министерство за правда на РМ -"Data communications, infrastructure, equipment" | Скопје | |

- Дополнувањето на Годишната програма се врши со цел продолжување на соработката со Европскиот суд на Ревизори во областа ревизија на проекти кои се финасираат со средства од ЕУ/КАРДС програмите за Република Македонија во областа Правда и Внатрешни работи.

- Во Списокот на планирани ревизии на успешност за 2007 година (Прилог 3), вкупниот број на ревизии од 3 се менува во 7.

2. Дополнувањата од точката 1, соодветно се применуваат и на Прегледот на правните субјекти содржани во Оперативната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2007 година (Прилог 3).

3.Составен дел на Годишната програма за измени и дополнувања на Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2007 година е Пречистениот текст на Прилогот 3 од Годишната програма за работа на ДЗР за 2007 година.

4. Годишната програма за измени и дополнувања на Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2007 година стапува во сила со денот на донесувањето.

**Број 0102-331/2**

**Скопје, 29.05.2007 година**

**Главен државен ревизор,**

**Д-р Драгољуб Арсовски**

**Прилог 3**

## ГОДИШНА ПРОГРАМА
## за работа на Државниот завод за ревизија за 2007 година

## Списокот
## на планирани ревизии за 2007 година

***Пречистен текст со измени и дополнувања заклучно со 29.05.2007 година***

**РЕВИЗИЈА НА УСПЕШНОСТ ****

***Член 3 од ЗДР***

| Шифра | Ред.бр. во Програмата | Ред.бр во класата | О П И С | Општина | Број на извештаи/ сметки | Вид на измена | број на измената |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 15 | а) | | ***РЕВИЗИИ ЗАПОЧНАТИ ВО 2006 ГОДИНА КОИ ЌЕ СЕ ПРОЕКТИРААТ ВО 2007 ГОДИНА*** | | | | |
| | | | | | | | |
| | 1 | 1 | Пилот ревизија од Твининг проектот со ХСР-Министерство за внатрешни работи на РМ-Проект за пасоши(Нови лични документи) | | | | |
| | | | | | | | |
| | б) | | ***РЕВИЗИИ ПРЕДЛОЖЕНИ ЗА ВРШЕЊЕ ВО 2007 ГОДИНА*** | | | | |
| | | | | | | | |
| | 2 | 1 | ЖИВОТНА СРЕДИНА -национални паркови:рециклирањена цврст отпад/медицински отпад | | | | |
| | 3 | 2 | ЗАШТИТА НА КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО - Управа за заштита на културно наследство на РМ/Министерство за култура на РМ | | | | |
| 16 | | | **Проекти финансирани од ЕУ/КАРДС во областа правда и внатрешни работи** | | | | |
| | **4** | **1** | Министерство за правда на РМ -"TA TO Training Institute for the Judiciary" | Скопје | | **дополна** | II измена 29.05.2007 година |
| | **5** | **2** | Министерство за внатрешни работи на РМ-"Provision of vehicles for border police" | Скопје | | **дополна** | II измена 29.05.2007 година |
| | **6** | **3** | Министерство за финансии на РМ (Дирекција за спречување на перење на пари) и Министерство за здравство на РМ - "Development of operational capacity to combat money laundering and drugs" | Скопје | | **дополна** | II измена 29.05.2007 година |
| | **7** | **4** | Министерство за правда на РМ -"Data communications, infrastructure, equipment" | Скопје | | **дополна** | II измена 29.05.2007 година |
| | | | | | | | |
| | | | **Вкупно ревизија на успешност** | | * | | |

Ревизорската цел за колона 4 ќе биде дефинирана по извршените прелиминарни истражувања на предложените области и одобрениот предлог за ревизија на успешност од страна на ГДР

* Бројот на извештаи во колона 6 ке биде одреден по извршените прелиминарни истражувања